# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.307/20) по членот 8 се додаваат два нови члена 8-а и 8-б кои гласат:

„Член 8а

Вработените во буџетскиот корисник од централната власт имаат право на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа, доколку во буџетот на буџетскиот корисник се обезбедени средства за оваа намена.

Буџетските корисници, поблиските критериуми за остварување на правото на додатокот и начинот на утврдување на висината на додатокот од ставот 1 на овој член на предлог на Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација, ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Додатокот на плата од ставот 1 на овој член, не се исплаќа на вработените во буџетскиот корисник од централната власт на кои им е утврдено правото на додаток на плата со посебен закон и/или колективен договор, освен додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на неделен одмор, работа за време на празници утврдени со закон и работа подолго од полното работно време.

Член 8-б

Вработените кај буџетските корисници од централната власт кои работат во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА имаат право на додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата.„

Член 2

Во член 20 по ставот 3, се додава нов став 4 кој гласи:

„Средствата утврдени во Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма C5 – Зелен развој, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.“

Член 3

Во член 30 по ставот 5 се додаваат два нови ставови 6 и 7 кои гласат:

„Средствата утврдени во Раздел 130.01 – Министерство за транспорт и врски, Потпрограма 11 – Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488 – Капитални дотации до ЕЛС, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски.
Распределбата на средствата од став 6 на овој член, ја врши Владата на Република Северна Македонија со одлука, на предлог на Министерството за транспорт и врски.“
Ставот 6 станува став 8.

Член 4

Во член 31 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:
„ Средствата утврдени во Раздел 140.01 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма 34 – Рурален развој, ставка 464 – Разни трансфери, ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.“

Ставот 2 станува став 3.

Во ставот 3 кој станува став 4 по зборовите „ставка 482 – Други градежни објекти“ запирката се заменува со сврзникот „и„ и се додаваат зборовите „ставка 485 – Вложување и нефинансиски средства,“.

Ставот 4 станува став 5

Во ставот 5 кој станува став 6 зборовите „ставот 4“ се заменуваат со зборовите „ставот 5“.

Ставот 6 станува став 7

Во ставот 7 кој станува став 8 зборовите „ставот 6“ се заменуваат со зборовите „ставот 7“.

Член 5

Во член 47 се додава нов став 2 кој гласи :
„Неискористените средства од став 1 на овој член, општините ги враќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.12.2021 година.“

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.